# ПРИЛОГ: СТАНОВИШТЕ НА ВЛАДАТА

**Следниот прилог не претставува дел од анализата и предлозите на ЕКРН за состојбата во „поранешната југословенска Република Македонија“**

ЕКРН, во согласност со индивидуалната постапка што ја спроведува одделно за секоја земја, се впушти во дијалог кој има доверлив карактер со властите на „поранешната југословенска Република Македонија“ во однос на првиот нацрт на извештајот. Голем број од коментарите на властите беа земени во предвид и вградени во текстот на конечната верзија на извештајот (кои во согласност со стандардната практика на ЕКРН се однесуваат на настаните кои се случиле до 18 декември 2009 година, датумот кога се разгледуваше првиот нацрт на извештајот).

Властите, исто така, побараа следниве ставови да бидат прикажани во прилог на извештајот.

## Коментари на Владата на Република Македонија за Четвртиот Извештај на ЕКРИ за Република Македонија

Владата на Република Македонија особено ги уважува активностите на ЕКРИ во борбата против расизмот и дискриминацијата и придава голема значење на вкупната соработка со Европската комисија против расизам и интолеранција. Во однос на тековните и идни активности за креирање на политиката, Република Македонија должно ќе ги земе предвид препораките содржани во Четвртиот извештај .

**Коментари во однос на определени делови од Извештајот:**

**Коментари во однос на Прегледот на Четвртиот извештај**

Владата на Република Македонија го цени признанието дадено во Четвртиот извештај за напредокот што Република Македонија го постигнала споредено до претходниот Извештај на ЕКРИ од 2005 год.

Владата не може да ги прифати забелешките и согледувањата во однос на состојбата на полето на меѓу-етничките односи, односно поконкретно забелешките за „сегрегација“ и „меѓу-етничка нетолеранција“, како и „.. дисеминацијата на стереотипи и инциденти на етничко непријателство во медиумите...“ Сметаме дека ваквите наоди не се валидно потврдени, особено наодите за „сегрегација во системот на училиштата.“

Во однос на препораката содржана во првиот став на стр. 9 од Извештајот, ЕКРИ треба да има предвид дека Министерството за образование и наука тесно соработува со Канцеларијата на Високиот комесар за национални и малцинства во однос на интегрираното образование, сметајќи го овој проект за особено релевантен. Прашањето на интегрирано образование треба да се разгледува со поголемо внимание, особено во одреден помал број на училишта. Во овој контекст, Република Македонија вложува големи напори во однос на ова прашање и веќе презеде одреден број на конкретни мерки, во соработка со канцеларијата на Високиот комесар за национални малцинства.

Како што забележува ЕКРИ во својот Извештај, Законот за употреба на јазици во Република Македонија во утврдува начелото дека јазикот на наставата е македонскиот јазик, но исто така Законот го признава правото на припадниците на малцинствата на изучување на и настава на сопствениот јазик на сите нивоа на образование.

Во овој контекст треба да се забележи дека несомнено јазикот е и треба да биде еден од главните инструменти за негување на интеграцијата и за обезбедување на сеопфатна инклузивност во секое општество. Затоа, познавањето и користењето на официјалниот македонски јазик е од суштинско значење за одржување на кохезијата и инклузивноста на македонското општество. Употребата и изучувањето на јазиците на заедниците во Македонија (во основно, средно и високо образование) широко се практикува во склад со Уставот и релевантните закони во Македонија.

Концептот на повеќејазично образование е секако напреден и затоа треба да се има на ум контекстот во кој истото може да биде остварено и дали има достаточни човечки и финансиски ресурси за неговата практична примена.

Примената на теоретски решенија кои ни стојат на располагање секогаш треба да се разгледува споредено со сегашната практика и состојбата на самиот терен. ЕКРИ треба да има реалистичен приод кон прашањето на примената на „повеќејазична наставата на сите нивоа во образовниот процес“ во Република Македонија. Неопходните услови за неговата примена недостасуваат, земајќи ги предвид околностите и капацитетите (финансиски, социјални, професионални, правни итн.).

Треба да се забележи дека терминот „заеднички училишта“ не ја одразува сегашната регулатива, бидејќи сите училишта - основни и средни - се од заеднички карактер, што значи дека има слободен пристап кон училиштата и кон уписот на сите училишта, на целата територија на Република Македонија и регулативата во врска со ова не познава никакви ограничувања.

## I. Постоење и спроведување на законски одредби

### Меѓународни правни инструменти

Министерство за надворешни работи на Република Македонија би сакало да информира за ратификацијата на меѓународните правни инструменти кои се релевантни или би можеле да се значајни за мониторинг мандатот на ЕКРИ.

Владата ја започна постапката за ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидитет и Конвенцијата на ОН за присилно исчезнување и Меѓународната конвенција за заштитата на сите лица од присилно исчезнување (сѐ уште не е во сила). Ратификацијата на Конвенциите се планира за крајот на август 2010 год.

### Кривично правни одредби за борба против расизмот и расната дискриминација

1. Во однос на препораките дадени во став 10 и ст. 11, би сакале да истакнеме дека Законот за државјанство во целина, а особено неговиот член 14 е усогласен со Европската конвенција за државјанство. Законот за државјанство е одобрен од Советот на Европа и Комесарот на ОН за бегалци. Експертите од Советот на Европа и УНХЦР беа целосно вклучени во постапката на составување на текстот на Законот за државјанство и нивните предлози се инкорпорирани во текстот на Законот. Начелото на недискриминација е целосно гарантирано со Законот во однос на условите за стекнување државјанство, без оглед на етничкото потекло, социјалното потекло, раса или боја.

2. Во однос на заклучокот наведен во став 12 од прелиминарниот Извештај кој гласи: „ЕКРИ изразува жалење што законодавецот не предвидел експлицитно дека расистичкиот мотив преставува отежнувачка околност за сите дела“, Министерството за правда на Република Македонија упатува на амандманите на Кривичниот законик донесени во септември 2009 год. Овие амандмани меѓу другото ја вклучуваат и препораката ЕКРИ.

Имено, измените на членот 39 од Кривичниот законик со кои се предвидуваат основните начела при одредување на казната, опфаќаат и нов член (чл. 50) со што се прошируваат (отежнувачките) основи за одмерување на казната, меѓу кои спаѓа и расистичкиот мотив.

Исто така, самиот факт што одредбите од членот 39 се вградени и во општиот дел од Кривичниот законик упатува кон тоа дека оваа одредба се однесува на одмерувањето на казната за кривично дело без исклучок, при што

судот е должен должно да ги разгледа сите мотиви за сторување на даденото кривично дело, вклучително и она со расистичка мотивација.

Врз основа на погоренаведеното, Министерството за правда смета дека спротивно на заклучоците содржани во точката 12 од Прелиминарниот извештај на ЕКРИ, расистичкиот мотив, во склад со наведените измени на Кривичниот законик, престасува отежнувачка околност при одмерувањето на казната за сите дела наведени во Кривичниот законик

1. Во однос на заклучокот од точка 14, а кој гласи: „се чини дека нема општ закон со кој се казнуваат навреди или јавно клеветење од расистичка природа, јавното дисеминирање или дистрибуција на расистички материјали и нивно производство и чување за такви цели, формирањето и водењето на расистички движења или поддршка на таквите групи или учество во нивните активности", би сакале да истакнеме дека делото на јавно клеветење и навреда наведено во чл. 172 и чл. 173 во контекст на погоре наведените одредби од членот 39, став 5 упатуваат на тоа дека спротивно на согледувањата од точката 14, навредата и јавното клеветење со расистички мотив се подеднакво инкриминирани во согласност со Кривичниот законик.
2. Делото на јавно дисеминирање и дистрибуција на расистички материјал е инкриминирано со новиот член 394-г.
3. Во врска со наводот дека нема инкриминација на: „формирање и водење на расистички движења или поддршка на таквите групи или учество во нивните активности" би сакале да упатиме на членот 416-а од Кривичниот законик. Овој член ги инкриминира следниве дејствија: „Оној кој организира група со намера да стори кривично дело предвидено со членовите 403 до чл. 416, оној кој станува член на група, оној кој повикува или поткинува дела предвидени членовите 403 до чл. 416" врз политички, расни, национални, етнички. културни, верски и родова основи. Овие дела се опфатени со Глава 34 – Дела против човештвото и меѓународното право.

**Граѓанско правни и управно правни одредби за борба против расизмот и расната дискриминација**

Во однос на ставовите 20 до ст. 22, Владата би сакала да извести дела предлог законот против дискриминација е во собраниска постапка. Првото читање на предлог законот од страна на собраниските комисии беше на 24-25 февруари 2010 год. Најголем дел од препораките на Венецијанската комисија се опфатени со предлог текстот на Законот.

Треба да се нагласи дека НВО беа вклучени во консултациите при Министерството за труд и социјална политика, пред да започне собраниската постапка.

Предлог текстот на предлог законот е транспарентното поставен на интернет страницата на ресорното Министерство.

**Обука на судии и обвинители**

Во однос на ставовите 24 и ст. 25, Владата на Република Македонија би сакала да извести дека во соработка со Мисијата на ОБСЕ, 27 судии и обвинители минаа низ интензивни образовни курсеви на полето на човековите права и анти-дискриминаторските аспекти во контекстот на меѓународните конвенции кон кои се приклучила Република Македонија.

Во тек е обука за нови 17 судии и обвинители со помош на експерти од

Мисијата на ОБСЕ.

## II Дискриминација на различни полиња

### Вработување

Во однос на ставот бр. 51 за вработувањето, Владата на Република Македонија би сакала да го спомене „Оперативниот план за вработување-активна програма и мерки." Втора година по ред (односно за 2009 и за 2010 год.), Оперативниот план вклучува посебна програма за вработување на Роми. Исто така во 2010 год., целната група на „пријавени невработени Роми", е вклучена во уште една програма за вработување - Програмата на само-вработување. Следствено, Владата на Република Македонија прави напори да ја намали стапката на невработеност на Ромите и преку други официјални проекти, а не само преку активностите во рамките на „Декада на Ромите".

Во однос на ставовите од 50 до 52, според Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, објавени се огласи за нови 800 работни места во јавната администрација, од кои во текот на 2009 год., 360 огласи беа за припадниците на етничките малцинства (што претставува скоро 50% од сите огласи).

Податоците за периодот од септември 2009 год. покажуваат дека 23,9% од вработените во државните институции се припадници на етничките малцинства.

### Пристап до правдата

Во однос на делот на Прелиминарниот извештај на ЕКРИ кој се однесува до пристапот кон правдата, (став 62) Министерството за правда на Република Македонија би сакало да информира дека Законот за бесплатна правна помош е донесен на 29 декември 2009 год. (Службен весник на Република Македонија бр. 161/09).

Целта на овој Закон е да обезбеди рамноправен пристап на граѓаните и сите останати како што е определено во овој Закон кон институциите на системот за да бидат информирани, да имаат и делотворно да користат правна помош, во согласност со начелото на рамноправен пристап кон правдата.

Правото на бесплатна правна помош го уживаат лицата кои во согласност со членот 12, став 1 и 2, од овој Закон, а со оглед на нивната материјална состојба, не би можеле да ги реализираат своите права гарантирани со Устав и закон, без да ги загрозат сопствените средства за живот и средствата за живот на членовите на нивните семејства кои живеат заедно со нив во исто домаќинство.

Исто така правото на бесплатна правна помош, според овој Закон е предвидено за државјани на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија, како што се: корисници на социјална помош, корисници на правото на надомест за инвалидитет кои немаат друг приход како што се плата или приход од наемнина, потоа корисници на најниските пензии кои живеат во заедничко домаќинство со две или повеќе лица кои ги издржува пензионерот кој прима најниска пензија, и на крајот семејства или самохрани родители со едно или повеќе малолетни деца кои имаат право на детски додаток.

Треба да се истакне дека ваквата бесплатна правна помош се обезбедува како првична или прелиминарна правна помош, како и како правна помош во сите судски и управни постапки, а во согласност со овој Закон, ваквата бесплатна

правна помош ја реализираат Министерството за правда, адвокати и овластени НВО.

На крајот, средствата наменети за бесплатна правна помош се обезбедуваат од буџетот на Министерството за правда, како посебна програма одобрена од Министерот за правда, односно од Владата на Република Македонија, како и од донации и други приходи во согласност со законот.

Според погоренаведеното, може де се заклучи дека препораката од став 62 од Четвртиот извештај на ЕКРИ е веќе спроведена.

**Расизам во јавни настапи**

- **Креатори на мислењето и медиумите**

Советот за радиодифузија со должно внимание го разгледа Извештајот на ЕКРИ. Основниот закон кој предвидува формирање на Совет за радиодифузија , донесен во ноември 2005 год, содржи одредби со кои се забранува ширење на нетолеранција, заснована на етничка припадност, раса или религија. Натаму членот 69 од овој Закон предвидува ригорозни казни па дури и одземање на лиценцата на предметниот радиодифузер, доколку програмската содржина на радиодифузерот јавно повикува на насилно уривање на уставниот поредок, како и во случај програмската содржина јавно да повикува или поттикнува на воена агресија или поттикнува национална, расна, родова или верска омраза и нетолеранција.

До сега Советот за радиодифузија реагираше во два наврата врз основа на членот 69 од Законот за радиодифузна дејност:

- На 11 јуни 2007 год. против јавен радиодифузер, МТВ 1 со мерката јаван писмена опомена и

- На 11 март 2009 год. против комерцијален радиодифузер - локална ТВ станица во Штип - ТВ Ирис преку формален совет.

Со цел подобрување на меѓуетничката кохезија, Советот за радиодифузија исто така особено се фокусира врз развојот на медиумите кои емитуваат програма на јазиците на малцинства; така, Советот за радиодифузија во 2009 година додели радиодифузна лиценца на непрофитна радио станица со седиште во Штип, односно на радиодифузер на турски јазик, наменет за Југуците од турско потекло. Исто така, Советот за радиодифузија на почетокот на 2010 год. додели лиценца на национален и сателитски ТВ канал на албански јазик, што од своја страна значајно придонесува кон развојот на плурализмот во информирањето на албански јазик. Вкупно во земјата има 26 регистрирани радиодифузери на албански јазик, - 4 радиодифузери на турски јазик, 4 радиодифузери на ромски јази,. 2 радиодифузери на Бошњачки, и 1 радиодифузер на српски/хрватски јазик.

Во постојаните контакти со медиумите, Советот за радиодифузија континуирано ја нагласува потребата од унапредување на културната и социјална разновидност во програмите на радиодифузерите, како и потребата од почитување на програмските стандарди утврдени со членот 68 од Законот за радиодифузна дејност.

Советот за радиодифузија ќе преземе сериозни активности за намалување на можноста од ширење на нетолеранција и говор на омразата во медиумите.

Општиот коментар во врска со овој дел, а особено согледувањата од став 70, се однесува на фактот што нагласената поделба на медиумите по етничко-јазични линии не ја одразува реалната состојба. Тука треба да се обрне внимание на фактот што особено печатените медиуми на македонски јазик објавуваат статии од интелектуалци, новинари, политичари од сите заедници. Се прават напори да се прошири ваквиот приод и во другите медиуми кои објавуваат или емитуваат на другите јазици, освен македонскиот. Постои и еден двојазичен електронски медиум (Алсат ТВ).

**- Интернет**

Во однос на компјутерскиот криминал, односно борбата против расизам и ксенофобија на Интернет, Одделението за борбата против компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи презема конкретни мерки за исполнување на препораките, преку зголемување на бројот на службениците кои ќе бидат определени да вршат надзор на интернет страниците кои имаат несоодветна содржина на ова поле.

Истовремено, треба да се нагласи дека измените на Кривичниот законик содржат одредби со кои се казнуваат расизмот и ксенофобијата на Интернет.

**Постапување на органите за спроведување на законот**

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди преставува организациона единица при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија кое има за задача да открива и документира незаконско и непрофесионално постапување од страна на Министерството и службениците и да врши надзор на законитоста и ефикасното извршување на работните задачи и должности од страна на други организациони единици при Министерството за внатрешни работи.

Како механизам за контрола на работењето на Министерството, овој Сектор прави континуирани напори за натамошно јакнење на неговата ефикасност и делотворност во работењето и во реализацијата на неговите активности.

Новиот Закон за внатрешни работи содржи одредби кои се однесуваат на прашањето на материјална одговорност, односно надомест за причинета загуба или штета, како и на видовите на дисциплински мерки; со овие дисциплински мерки за прв пат се воведува мерката на условен прекин на договорот за вработување ( доколку во рок од една година од казнувањето полицаецот повторно ги прекрши работниот ред и дисциплина или не ги исполнува работните должности, тогаш Министерот за внатрешни работи му ја изрекува мерката на условно раскинување на договорот за вработување; истовремено Министерот исто така утврдува дека таквата мерка нема да се спроведе под услов виновниот полицаец повторно да не ги прекрши работниот ред и дисциплина или повторно не ги исполнува работните должности во период кој го определува Министерот и кој не може да биде покус од шест месеци и подолг од 12 месеци).

Новововедите законски санкции и донесувањето на подзаконските акти во голема мерка придонесоа кон намалување на злоупотребата на службените должности и овластувања од страна на службениците на Министерството.

Секторот презема континуирани мерки за следење на состојбата, вршејќи редовни контроли во Министерството со цел откривање на неправилности и донесувајќи упатства за отстранување на таквите неправилности, како и со цел да се повикаат на одговорност полицајците кои ги злоупотребиле нивните овластувања. При ваквите проверки, особено се внимаваа на почитувањето на човековите права и слободи во контекстот на работењето на полицијата.

Донесени се измени на Правилникот за работење со цел истиот целосно да е усогласи со Законот за постапување по жалби и поплаки (Службен весник на Република Македонија бр. 82/08). Во овој контекст, во Секторот се пријавуваат сите случаи на лошо постапување од страна на полицијата со граѓаните, како и случаите на прекршување на правата и слободите на сите лица кои се повикани, приведени или се задржани во полицијата. Секторот постапува по сите пријави без исклучок и професионално ги разгледува сите наводи во поднесените поплаки, без примена на селективен приод во работењето, а подеднакво постапувајќи во однос на сите граѓани, без било каква етничка, верска, родова или друг вид на дискриминација, а по извршените проверки до подносителите на поплаките навремено се доставуваат одговори.

Во однос на коментарите во Прегледот на Четвртиот извештај на ЕКРИ (стр. 9-33) во врска со инцидентите на лошо постапување и малтретирање од страна на полицијата, Јавното обвинителство нагласи дека проблемот ќе биде решен со донесувањето на новиот Закон за кривична постапка. Новиот Закон предвидува дека Јавниот обвинител е оној кој ја води истражната постапка; новиот Закон исто така предвидува основање на правосудна полиција која ќе ја раководи самиот Јавен обвинител. Натаму, новиот Закон исто така предвидува формирање на истражни центри во рамките на јавните обвинителства кои ќе го спроведуваат гонењето пред судовите со проширена надлежност; на крајот новиот Закон исто така предвидува основање на Јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.

Во членот 39, новиот Закон за внатрешни работи (Службен весник на Република Македонија бр. 92/09) предвидува надворешна контрола на работата на Министерството за внатрешни работи, па така и на Секторот, која ја спроведуваа Собранието на Република Македонија и Народниот правобранител.

Еден од најголемите приоритети на Секторот е продолжување и унапредување на неговата соработка со Народниот правобранител и невладиниот сектор. Со Законот и Кодексот за однесување се предвидуваат состаноците меѓу Секторот, Народниот правобранител и НВО-та во однос на жалбите. Сите дописи од Народниот правобранител и невладините организации внимателно се разгледуваат и се процесираат; на сите такви дописи навремено се одговора во период потребен за да се извршат потребните проверки. Законот за Народен правобранител (Службен весник на Република Македонија бр. 60/03 и 114/09) предвидува широки надлежности на Народниот правобранител, меѓу другото и негово директно учество во проверка на веродостојноста на поплаките поднесени од граѓаните.

Во декември 2009 година, службениците на Секторот и од Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Македонија заедно ги посетија полициските станици за да го оценат спроведувањето на препораките на Народниот правобранител содржани во Информацијата за состојбата во полициските станици (јуни 2009 година).

Заложбите на Секторот за учество во обуките кои се спроведуваат заедно со претставниците на локалните власти, НВО и Канцеларијата на Народниот

правобранител беа реализирани со спроведување на обука во однос на почитувањето на човековите права и слободи главно за оние полицајци кои во рамките на извршувањето на полициските работи често доаѓаат во контакт со граѓаните. На почетокот на март 2009 година, Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи спроведе обука во Скопје за членовите на специјалната мобилна полициска единици за борба против криминалот – Алфи, по што следеа презентации од претставниците на Канцеларијата на Народниот правобранител, Хелсиншкиот комитет за човекови права и НВО „Коалиција за фер судење“ и „Месечина“.

Исто така, во април 2009 година, Центарот за обука во Скопје спроведе обука на тема: „Почитување на човековите права на лицата лишени од слобода“ организирана од НВО-а кои работат во рамките на Проектот за унапредување на човековите права, поддржан од Фондацијата Институт отворено општество и Фондот на ОН за жртви од тортура, а во соработка со Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и Дирекцијата за извршување на санкции при Министерството за правда. Обуката ја посетуваа службеници од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, раководители на смени во полициските станици и службениците од Дирекцијата за извршување на санкции и од Секторот за безбедност од затворот Идризово.

Преку своите активности Секторот прави натамошни напори за надградување на институционалната и меѓу-институционалната соработка со останатите институции кои работата во областа на борба против незаконски активности (како што се Одделението за организиран криминал, обвинителствата и судовите). Секторот е задолжен да се консултира со надлежниот одел при Јавното обвинителство. Ива контролното тело при Министерството за внатрешни работи дејствува навремено и темелно во однос на сите дописи од јавните обвинителства и судовите.

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија исто така одржува постојана меѓу-ресорска соработка со други тела како што се: Државниот трудов инспекторат, Државниот пазарен инспекторатот, Државниот инспекторат за транспорт, како и Одделението за професионална одговорност при Царинската управа на Република Македонија, со цел вршење на заеднички надзор и контрола.

Врз основа на документирано непрофесионално извршување на полициските должности во 2009 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди пред Отказната комисија при Министерството поведе дисциплински постапки против 201 службеник од Министерството, а во однос на 160 службеници Сектор поведе постапка за намалување на платата. Исто така, Секторот издал писмени опомени на 193 службеници. Уште 13 други службеници беа казнети со распоредување на пониски работни места, додека други 28 службеници од Министерството беа казнети со суспендирање од работното место. Други 66 службеници беа директно отпуштени без да се упатат нивните случаи во Комисија за откази поради сериозноста на случаите (во 58 од овие случаи Одделението за организиран криминал поднело кривични пријави против вршење на кривичното дело на примање поткуп против службеници на Гранична полиција на граничниот премини Табановце и Ќафасан). Против еден службеник е поднесена прекршочна пријава, а против 91 службеник се поднесени барања за обештетување.

Во случаите на индикации за кривични дела, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди поднел 36 кривични пријави против 50 службеници за строени 44 кривични дела. Во контекст на погорното, во текот на оваа година беа изготвени 67 специјални извештаи кои се поднесени до Јавното

обвинителство на Република Македонија.  Од нив 33 се изготвени на барање на самиот Јавен обвинител, додека останатите 34 се посебни извештаи со кои надлежното Јавно обвинителство се информира за натамошни законски дејствија.

Со цел да се одржи транспарентноста во работењето на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и со цел приближување кон граѓаните, неговите Извештаи од работењето како и годишните и периодичните статистички индикатори, Правилникот за работење, Работната програма, Анти-корупциска програма на Министерството за внатрешни работи, и сите други активности  кои ги спроведува Секторот се објавуваат на интернет страницата на Министерството за внатрешни работи.

До сега, овој Сектор при министерството за внатрешни работи имал состаноци со неколку слични одделенија и служби од други земји, Во целите на споделување на искуства и спроведување на најдобрите практики.

Минатата година, службениците од Секторот ги посетиле:

- Австриско сојузно биро за внатрешни работи и Бирото за внатрешни истраги;

- 3-та Меѓународна школа за анти-корупција во Херндштајн, Австрија;

- Регионална конференција на полициските служби за внатрешна контрола во ЈИЕ, Будва, Црна Гора

- 9-та ЕПАК (Европски партнери против корупција, независна и неформална организација на полициски тела за внатрешна контрола и на антикорупциски власти во земјите-членки на Советот на Европа и ЕУ). Конференцијата се одржа во Република Словенија (Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше примен како полноправен член на ЕПАК).

Претставниците на Секторот беа на студиски посети во:

-  CIVIPOL (ноември 2009);

- Француската генерална инспекција на Националната полицијата;

- Генералниот инспекторат при полициските служби во префектурите;

- Генералниот инспекторат на Администрацијата.

Натаму имаше размена на мислења меѓу Генералниот инспекторат на националната полиција на Франција и службениците од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (мај 2009, Скопје).

Со цел навремено и делотворно извршување на задачите и должностите на Секторот, Министерството за внатрешни работи е во фаза на набавка на високо софистицирана опрема која на Секторот ќе му овозможи самостојно да прибира докази во однос на извршители на кривични дела од редовите на полицијата и Министерството.